Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 19-а, став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар, на ден 18.02.2025 година донесе:

**Одлука за избор на Директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

**Член 1**

За директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар се избира Александар Чорбевски.

**Член 2**

Мандатот на директорот од член 1 на оваа Одлука трае 4 (четири) години а започнува на 19.02.2025 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука, Градоначалникот ќе донесе Решение за именување на директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Образложение**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе Одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр. бр.08-160/1 од 10.02.2025 година.

Конкурсот со бр.08-160/2 од 10.02.2025 година, беше објавен на 11.02.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха.

По завршувањето на рокот предвиден во јавниот конкурс, Комисијата за спроведување на постапка по јавен конкурс за избор на директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар со Одлука бр.08-160/3 од 10.02.2025 состави Записник бр.08-160/5 од 17.02.2025 година и заедно со целокупната документација, истиот го достави до Градоначалникот на Општина Демир Хисар на понатамошна постапка.

По прегледувањето на Записникот и доставената документација, се констатира дека претходната постапка е водена според закон, а согласно тоа дека избраниот кандидат ги исполнува условите за директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, предвидени во јавниот конкурс за директор, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Правна поука**: На оваа Одлука е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до:**

-Избраниот кандидат

-Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

-Архива на Општина Демир Хисар

-Одделение за управување со човечки ресурси на Општина Демир Хисар

08-160/6
18.02.2025

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски